Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за управување со човечки ресурси--

Архивски број: 04- 2024/25
Датум: 15 -07- 2026

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19, 110/19 и 121/24) и член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), министерот за финансии донесе

# О Д Л У К А
## за поништување на Одлука за избор и за невршење на избор на кандидат по пат на јавен оглас

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката бр.04-2024/13 од 03.07.2026 година, за избор на кандидат по пат на јавен оглас.

2. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат по јавниот оглас број 9/2026 објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" и на веб страната на Министерството за финансии, за вработување во Министерството за финансии и тоа за работното место:

**- Помлад соработник за првостепена управна постапка, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – 1 извршител.**

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 24.06.2026 година, во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" и на веб страната на Министерството за финансии, беше објавен оглас број 9/2026 за вработување во Министерството за финансии, во кој како дел од работните места за кои се објави огласот беше и работното место Помлад соработник за првостепена управна постапка, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – 1 извршител.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 440
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за управување со човечки ресурси--

Во врска со наведениот оглас и работното место, а по спроведената постапка за селекција, се донесе Одлука за избор бр.04-2024/13 од 03.07.2026 година, со која се избира кандидатот Моника Секуловска.

Горецитираната Одлука преку електронска порака е доставена на избраниот кандидат Моника Секуловска, со цел известување за прием на истата во просториите во Министерството за финансии. Именуваниот избран кандидат по електронска порака повратно одговори и воедно изјави дека се откажува од истата и од понатамошниот тек на постапката, со тоа што одби да потпише Договор за вработување.

Со оглед на фактот што избраниот кандидат се откажа, а нема други кандидати кои аплицирале за истото работно место на горенаведениот оглас, министерот за финансии не изврши избор за наведеното работно место.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата на Министерството.

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup

Изработил: Мислиме Цековиќ
Контролирал: Кимет Куртиши
Лилијана Стојановска
Одобрил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 440
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria